Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

2022

2023

# Извадок на дел од дневни настани 27.01.2023

На 26.01.2023 Националната единица за сузбивање на криумчарење мигранти и трговија со луѓе при Сектор за криминалистички истраги во Одделот за сузбивање на организиран и сериозен криминал, во содејство со Секторите за внатрешни работи Велес и Тетово, под раководство на Јавен обвинител од Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција реализираше случај за сторено кривично дело „трговија со дете“ предвидено и казниво по член 418-г од Кривичен законик, извршено од страна на пет лица на возраст од 25 до 32 години, од кои четири од Велес и едно од Тетово, кои се лишени од слобода. Имено, С.Д.(25) од Велес во временскиот период од 09.12.2021 година и во текот на 2022 година вршел продолжени кривични дела трговија со дете, користејќи закани, принуда за користење дрога и алкохол, и со уцена дека јавно ќе објави експлицитен материјал, овозможил малолетничката да биде злоупотребена за сексуални услуги и изготвување на порнографски материјал. Тој им овозможил на Д.С.(32) од Тетово, Д.Н.(25), Т.И.(22) и К.Т.(24), сите од Велес, да користат сексуални услуги од малолетничката, а на Д.С. и да изготви порнографски материјал. Врз основа на издадена судска наредба од Основен кривичен суд Велес, на подрачјето на Велес извршен е претрес во дом и други простории кај С.Д., петте лица се приведени и против нив од Одделот за сузбивање на организиран и сериозен криминал е поднесена кривична пријава до Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција за сторено кривично дело „трговија со дете“ по чл 418-г од Кривичниот законик.

На 26.01.2023 во ЕВР Чаир сама се пријавила М.Ч.(22) од с.Љубанци, скопско, за која на 24.01.2023 нејзиниот татко Д.Ч.(55) пријави дека се оддалечила од домот.

На 26.01.2023 полициски службеници од ОВР Виница го лишиле од слобода И.А.(32) од Виница. При претрес во неговиот дом, извршен со судска наредба, биле пронајдени и одземени марихуана, дигитална вага, две дробилки, ризли и пари. Тој бил задржан во полициска станица и по целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 26.01.2023 околу 13.30 часот на улица „Илинденска“ во Гостивар, полициски службеници на СВР Тетово - Одделение за внатрешни работи Гостивар го лишиле од слобода 47-годишниот З.С. од гостиварско Чегране. Тој се сомничи дека во текот на овој месец извршил пет кражби во куќи во Гостивар. Лицето било задржано во Полициската станица Гостивар и по целосно расчистување и документирање на случајот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

Полициски службеници од Одделението за криминалистички работи при ЕВР Кисела Вода расчистија кривично дело „тешка кражба“, сторена во периодот од 10.12. до 17.12.2022 година во објект на ул.„Доситеј Обрадовиќ“ во Скопје. По преземени мерки и активности било констатирано дека сторител на делото е М.З.(30) од Куманово, кој е на издржување на затворска казна во Казнено-поправната установа Затвор Идризово. На 26.01.2023 со него бил извршен службен разговор во казнено-поправната установа, при што го признал делото. Од него биле одземени и предмети поврзани со кривичното дело. По целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесена кривична пријава по член 236 од Кривичниот законик.

На 26.01.2023 во 23.40 часот на подрачјето на Чаир, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје го лишиле од слобода Р.М.(41) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена бела прашкаста материја. По целосно документирање на случајот ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 26.01.2023 на ул.„Гаврило Принцип“ во Битола, полициски службеници од криминалистичката полиција при СВР Битола ги лишиле од слобода И.Ф.(23), А.К.(20) и еден малолетник, сите од Битола, затоа што кај нив била пронајдена и одземена марихуана. По документирање на случајот, против нив ќе следува соодветна пријава.

На 26.01.2023 околу 18.30 часот во гостиварската населба Млаки2, полициски службеници на СВР Тетово - Одделение за внатрешни работи Гостивар го лишиле од слобода 25-годишниот гостиварец С.С., затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. Тој бил задржан во Полициската станица Гостивар и по документирање на случајот против него ќе следува соодветен поднесок.

Секторот за внатрешни работи Скопје во текот на вчерашниот ден (26.01.2023) продолжи со контролите во областа на сообраќајот. На територија на град Скопје изречени се вкупно 120 мерки, меѓу кои за возење повеќе од дозволената брзина девет санкции, шест мерки за возење без возачка дозвола, пет санкции за минување на затворен сигнал (црвено светло). Изречени се шест мерки за користење мобилен телефон при возење, шест санкции за технички неисправни и нерегистрирани возила, три мерки за возење под дејство на алкохол, четири санкции за недавање првенство на минување на пешаци...

На 26.01.2023 на подрачјето на СВР Штип полициски службеници спроведоа акциска контрола на возачи кои управуваат возила со брзина поголема од пропишаната. За време на контролата биле констатирани 16 прекршоци, од кои 14 во населено место и 2 надвор од населено место. На сите возачи им биле изречени соодветни санкции. Санкционирани биле и 20 други видови на прекршоци, од кои 2 за нерегистрирано возило, 6 за управување возило без возачка дозвола, 2 за недавање првенство на минување на пешаци, 4 за некористење сигурносен појас, 1 за користење мобилен телефон и 5 за непрописно паркирање.

На 26.01.2023 во 20.00 часот во СВР Штип било пријавено дека на регионалниот пат Неготино – крстосница со магистрален пат А4, патничко возило „фолксваген туран“ со радовишки регистарски ознаки, управувано од В.С.(76) од Радовиш излетало од патот. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил возачот, а со телесни повреди се здобил сопатникот С.С.(18) од Радовиш, констатирани во Клиничката болница во Штип. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Штип.

На 26.01.2023 околу 14.30 часот во СВР Велес било пријавено дека на регионалниот пат с.Стари Град - с.Богомила, велешко, патничко возило „фолксваген туран“ со велешки регистарски ознаки, управувано од З.М.(45) од с.Мартолци излетало од коловозот. Во несреќата, со тешки телесни повреди се здобил сопатникот Б.М.(79) од с.Мартолци, констатирани во Општа болница Велес. По овластување на Јавен обвинител, увид на местото на несреќата извршила увидна екипа од СВР Велес.

На 26.01.2023 во 14.15 часот во Полициската станица Карпош, В.Н.(66) од Скопје пријавила дека пред станбено-деловен комплекс на бул.„Партизански одреди“ била касната од куче скитник.

Денеска (27.01.2023), полициски службеници од Одделението за криминалистички работи при ЕВР Аеродром и Драчево извршија службен разговор со Г.Н.(52) од Скопје. Тој се сомничи дека на 26.01.2023 одзел повеќе производи во продажен објект на ул. „Методоја Шаторов Шарло“ во Скопје, а откако бил забележан од вработените им се заканил со остар предмет. Во разговорот во полициска станица тој го признал делото и од него биле одземени предмети кои потекнуваат од кривичното дело. По целосно документирање на случајот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

ОВР Кичево поднесе кривична пријава против Б.М.(70) и З.К.(64), двајцата од Кичево и против Т.Ј.(53) од кичевското село Другово, поради постоење основано сомнение за сторени кривични дела „злоупотреба на службената положба и овластување“, како и против А.Т.(36) од Кичево за сторено кривично дело „кражба“. Пријавените, вработени во Шумското претпријатие „Лопушник“, ги злоупотребиле својата службена положба и овластување и бесправно изготвиле службена документација за сеча на 167 метри просторни огревно дрво и ја издале на физичко лице од Прилеп. Со тоа предизвикале штета на Јавното претпријатие „Национални шуми“ од 769.300 денари.

Единицата за економски и компјутерски криминал при СВР Скопје поднесе кривична пријава против Ф.С.(37) и Д.А.(46), двајцата од с.Брест, општина Чучер Сандево, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „вршење на јавен превоз без поседување лиценца". На 07.07.2022, првопријавениот бил затекнат како со товарно возило „мерцедес“, во сопственост на второпријавениот, врши превоз на огревно дрво без да поседува лиценца за вршење јавен превоз на стоки во внатрешниот патен сообраќај, издадена од Министерството за транспорт и врски.

На 26.01.2023 во 10.00 часот во Полициската станица во Кавадарци, Р.Л.(44) од Кавадарци пријавил дека на 25.01.2023 добил телефонски повик од финансиско друштво дека има рата за плаќање на кредит. Според пријавеното, бидејќи тој не аплицирал за кредит во финансиско друштво, сфатил дека неговите лични податоци биле злоупотребени. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против Н.К.(20) од Охрид, поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „загрозување со опасно орудие при тепачка или караница“. Пријавената, на 23.11.2022 во едно училиште во Охрид го нарушила јавниот ред и мир со викање и закани кон малолетничка.

Во текот на вчерашниот ден (26.01.2023) Министерството за внатрешни работи спроведе акциска контрола на територијата на Република Северна Македонија за санкционирање на возила кои се движат со брзина поголема од дозволената, при што санкционирани се 119 возачи. Од нив пет возила се движеле со над 50 километри на час повеќе од дозволената брзина, а три возила се движеле со дури над 70 километри на час повеќе од дозволеното. Притоа, 56 возила ја пречекориле брзината во населено место, а 63 надвор од населено место.

Министерството за внатрешни работи во текот на вчерашниот ден (26.01.2023) во периодот од 10.00 до 14.00 часот на територијата на Република Северна Македонија спроведе акциска контрола за санкционирање на возачите кои не ги пропуштаат пешаците на пешачки премин, односно не ги почитуваат обврските како возачи. При контролата санкционирани се 56 возачи. За време на контролата санкционирани се и 105 останати прекршоци. Министерството за внатрешни работи продолжува со сообраќајните контроли.

На 26.01.2023 во СВР Тетово, Г.В.(55) од тетовско Жеровјане пријавил дека неговиот син Х.В.(26), кој на 20.01.2023 беше пријавен дека се оддалечил од дома, на 23.01.2023 се вратил дома.

На 26.01.2023 во 18.30 часот во СВР Скопје, од Казнено-поправната установа Затвор Идризово било пријавено дека околу 14.00 часот, настанала расправија помеѓу неколку осуденици, а по интервенција на затворски полицаец, осуденикот А.М. се обидел да го нападне со нож. Според пријавеното, затворските полицајци му го одзеле ножот. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

ОВР Гевгелија поднесе кривична пријава против И.Т.(40) од Богданци, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „оштетување и неовластено навлегување во компјутерски систем’’. На 29.11.2022, пријавениот, користејќи програма преземена од интернет, навлегол во персонален компјутер на правно лице од Скопје – претставништво во Гевгелија и направил долг во висина од 1.249.000 денари.

На 25.01.2022 во 17.00 часот во СВР Скопје, Д.Ј.(20) од Скопје пријавил дека на подрачјето на Драчево бил физички нападнат од М.К.(36) и Б.К.(62), двајцата од Скопје. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 27.01.2023 во 01.50 часот во СВР Скопје, Д.А.(77) од с.Булачани, скопско, пријавил дека околу 00.40 часот во с.Булачани бил физички нападнат од едно лице, кое употребило и тврд предмет. Се работи на расчистување на случајот.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против А.М.(30) од село Врапчиште, тетовско, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „измама“. На 19.09.2022, пријавениот се договорил со лице од тетовско село да изврши реновирање и поправка на мебел, по што го зел мебелот, а лицето му исплатило 1.600 евра. Но, и покрај договореното А.М. не ја завршил работата и не го испорачал мебелот.

На 26.01.2023 во 07.47 часот во СВР Велес, од Итна медицинска помош Велес било пријавено дека кај нив била донесена 25-годишна жена со повреди на телото и прострелна рана од огнено оружје нанесени од нејзиниот невенчан сопруг З.Т.(38), по што била пренесена во Ургентен центар при Комплексот клиники „Мајка Тереза“ во Скопје. По преземени мерки, полициски службеници го пронашле З.Т. во стан на ул. „Андон Шурков“ во Велес со прострелна рана од огнено оружје. Екипа од Итна медицинска помош Велес констатирала смрт, а по наредба на Јавен обвинител, телото на починатиот било дадено на обдукција. Увид извршила екипа од СВР Велес.

На 26.01.2023 во 21.00 часот во ОВР Кичево, О.Т.(43) од селото Мамудовци пријавил дека на булеварот „Ослободување“ во Кичево бил каснат од куче скитник.

СВР Штип поднесе кривична пријава против П.Т.(43) од Струмица, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори“. На 17.02.2022 во Казнено – поправната установа Затвор Штип, затворски службеници извршиле претрес кај пријавениот, кој издржувал казна затвор, при што пронашле и одзеле хероин.

На 26.01.2023 во 17.00 часот во Полициската станица Центар, од Јавна установа за згрижување на деца било пријавено дека од домот Капиштец се оддалечила нивната штитеничка Ш.А.(14), која и претходно се оддалечувала и била враќана назад. Се преземаат мерки за пронаоѓање на лицето.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против Б.Р.(23) од Скопје, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено изработување, држење, посредување и тргување со оружје или распрскувачки материи“. На 01.12.2022, полициски службеници извршиле претрес во домот на пријавениот, при што пронашле и одзеле пиштол „Нагант“ и пет куршуми со калибар 7,65 мм.

На 26.01.2023 во 13.20 часот во СВР Тетово, А.М.(80) од Гостивар пријавил дека на улица „Тоде Богдановски“ во Гостивар бил каснат од куче скитник.

СВР Тетово поднесе кривична пријава против правно лице од Кочани и К.С.(31) од Кочани, сопственик и управител на правното лице, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „посебни случаи на фалсификување исправа” и против Д.Ѓ.(34) од Кочани, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело ,,употреба на исправа со невистинита содржина”. На 07.12.2022 на наплатната станица Желино, полициски службеници извршиле контрола на товарно возило „сканиа“ со полуприколка, сопственост на пријавеното правно лице, а управувано од третопријавениот, при што било констатирано дека врши вонгабаритен превоз, за што возачот приложил Одобрување од ЈП Државни патишта, за кое било утврдено дека е со невистинита содржина.



МАКЕДОНИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет